РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-1-10-20
26.09. 2023 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Центар за граѓански комуникации, Бул. Кочо Рацин 26-1/2 1000 Скопје, со број УП-1-10-20 од 25.09.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 26.09.2023 го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Центар за граѓански комуникации, Бул. Кочо Рацин 26-1/2 1000 Скопје, заверено под број УП-1-10-20 од 25.09.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Центар за граѓански комуникации, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 25.09.2023 година заверено под број УП-1-10-20 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација: лица во институцијата вршат работи на јавните набавки, колку од нив имаат важечка потврда или положен испит за јавни набавки, комисиите за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или се истите за сите набавки, одлука за за јавна набавка за постапка број 16738/2022, внатрешни правила за пресметување на проценетата вредност на набавките, дефинирани внатрешни правила за изработка на техничките спецификации за јавните набавки, ситем за следење на реализација на планот за јавни набавки, систем за следење на реализација на склучените договори за јавни набавки?

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира дека, Во нашата институција работите од областа на јавните набавки ги вршат тројца државни службеници, Сите вработени се со важечка потврда за положен испит за јавни набавки, Членовите на Комисијата за јавни набавки се менуваат за секоја набавка, Во прилог на писмото ви ја доставуваме побараната Одлука со број 16738/2022, внатрешни правила за пресметување на проценетата вредност **Нема**, внатрешни правила за изработка на техничките спецификации **Нема**, систем за следење на планот **Нема**, Согласно член 70 од ЗЈН, лицата за јавни набавки по претходно добиените податоци од Секторот за финансиски прашања, за реализираните договори се објавува известување за реализиран договор во Електронскиот систем за јавни набавки.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**